Во училиштето за учебната 2025/2026 сите наставници од одделенска и предметна настава изготвија План со распоред за употреба за ИКТ во наставата. Планот содржи: наставник, одделение, предмет, наставна содржина, време на реализација и вкупен број на часови за реализација.

Најчеста примена на ИКТ во наставата во одделенска настава била планирана на часовите по македонски јазик и математика, општество, природни, додека во предметна настава на часовите по математика, физика, хемија, географија, биологија и други.

Сите од планираните часови се реализирани. Забележувајќи ги придобивките од користењето на ИКТ во наставата, наставниците го зголемија бројот на часовите на кои употребуваа компјутери и други помагала (проектори, интерактивна табла и слично).

## *Оценување*

Мерењето на ученичките знаења во училиштето се вршат со примена на современи техники и инструменти како што се: тестови на знаења, контролни, тематски, полугодишни тестови, презентации, есеи и други инструменти.

Оценката е јасна, јавна и образложена на секој ученик и наставниот кадар е задолжен за секој ученик и секоја добиена оценка да го извести родителот/старателот. Во мерењето на ученичките знаења во даден момент и по потреба се вклучуваат и ученици во зависност од реализацијата на соодветна наставна содржина и соодветен наставен предмет. Исто така и родителот/старателот како активен субјект во воспитно-образовниот процес зема учество и активности во зависност од потребите на училиштето.

## *Воннаставни активности*

Предвидените воннаставни активности во целост се реализирани во учебната 2025/26 година.

Дел од активностите се презентирани пред родителите и соработниците на одбележување на Денот на училиштето.

До крајот на учебната година се реализирани следните активности:

| **Реализирана воннаставни активности** | **Дата** |
|---|---|
| 1 Септември-Приредба за првачињата | 1.9. 2025 |
| Одбележување на 8 Септември- Ден на независноста на РСМ | 8.9. 2025 |
| Одбележување на Светскиот ден на јазиците | 26.9. 2025 |
| Одбележување на 5 Октомври-Светски ден на учителот | 5.10. 2025 |
| Одбележување на детската недела /Прием на првачињата во детската организација | 10.10. 2025 |
| Одбележување на 11 Октомври- Ден на востанието на Република Северна Македонија | 10.10. 2025 |
| Одбележување на 16 Октомври - Меѓународен ден на гладта. Собирна акција на храна во соработка со Црвениот крст. | 24.10. 2025 |
| Одбележување на 23 Октомври- Денот на македонската револуционерна борба | 23.10. 2025 |
| Одбележување на Месец на штедење | 21.10. 2025 |
| Одбележување на 24 Октомври -Денот на ООН | 25.10. 2025 |
| Одбележување на 4 Ноември - Светски ден на климатски промени | 4.11. 2025 |
| Одбележување на 13 Ноември –Денот на ослободување на Скопје | 13.11. 2025 |
| Учество на интернационален натпревар „Дабар“ во кој учествуваа ученици од 3а,5а,б,в и 6а,бв одделение. | 5.11. 2025 |
| Одбележување на Меѓународен ден на толеранција | 18.11. 2025 |

| | |
|---|---|
| Присуство на детски фестивал „Златно славејче“ | 15.11. 2025 |
| Одбележување на Меѓународниот ден на детето. | 20.11. 2025 |
| Активности по повод „Денот на благодарноста“ | 27.11. 2025 |
| Одбележување на Денот на училиштето„Св. Климент Охридски“ | 4.12. 2025 |
| Одбележување на светскиот ден на волонтери и соработници | 5.12.2025 |
| Одбележување на месецот на науката | 6.12.2025 |
| Организирање на Новогодишен базар | 29.12. 2025 |
| Одбележување на 21 Февруари - Ден на мајчиниот јазик | 21.2. 2026 |
| Одбележување на 1 Март - Ден на борба против дискриминацијата | 1.3. 2026 |
| Одбележување на 8 Март - Меѓународен ден на жената | 8.3. 2026 |
| Одбележување на 17 Март - Ден на Црвен Крст и Ден на крводарителството | 17.3. 2026 |
| Одбележување 21 Март - Ден на пролетта | 18.3.2026 |
| Одбележување на 1 Април - Ден на шегата | 1.4. 2026 |
| Одбележување на 2 Април - Светски ден на свесноста за аутизмот | 2.4.2026 |
| Организирање на Велигденски базар | 8.4.2026 |
| Одбележување на 23 Април - Светски ден на книгата | 23.4.2026 |
| Одбележување на 22 Април - Меѓународен ден на планетата Земја | 22.4.2026 |
| Одбележување на 4 Мај - 121 година од смртта на Гоце Делчев | 4.5. 2026 |

| | |
|---|---|
| Одбележување на 5 Мај - Денот на македонскиот јазик и македонската азбука | 5.5.2026 |
| Одбележување на 8 Мај - Светскиот ден на Црвениот Крст и Црвената Полумесечина | 8.5. 2026 |
| Учество на олимпијадата ( квиз) ,,Бутелски Сезнајковци 2025 | 20.5. 2026 |
| Одбележување на 24 Мај - Ден на сесловенските просветители - Свети Кирил и Методиј | 22.5. 2026 |

## *Прв училишен ден*

**Првиот училишен ден** е нов почеток за многу насмеани детски лица кои со бројни емоции за првпат се запознаа со новата околина која ќе биде нивно секојдневно место за стекнување на нови знаења, пријателства и многу активности кои ќе придонесат за нивниот натамошен развој.

Директорка на нашето училиште д-р Снежана Петреска и наставничките Љубица Нацева, Маја Димковска и Вера Атанасовска ги пречекаа првачињата и им посакаа среќен почеток.

Градоначалникот,г-дин Дарко Костовски го посети нашето училиште и на сите ученици им посака успех во новата учебна година и им подели пригодни подароци. Тој исто така, имаше можност да види како се одвива настава со физичко присуство и да присуствува на првиот училишен час. Им посакавме успешен почеток на сите ученици во нашето училиште!









## ***Проекти***

Во рамки на Неделата на борба против гладта на 24.10.2025 г., беше реализирана хуманитарна акција во соработка со Црвениот крст, со цел да се помогне на социјално загрозените семејства и да се потсетиме на важноста на солидарноста и хуманоста.

Со заеднички сили беа собрани и донирани прехранбени производи, кои ќе им помогнат на оние на кои помошта им е најпотребна. Оваа акција уште еднаш покажа дека малите дела на добрина можат да направат голема разлика во нечиј живот.

Неделата на борба против гладта не е само симболична, туку и силен потсетник дека гладта сè уште постои, но и дека заедништвото, емпатијата и хуманоста се патот кон поубав и поправеден свет.





По повод 24 Мај - Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, во нашето училиште се одржа пригодна програма под мотото „ПАТОТ КОН СВЕТЛИНАТА ЗАПОЧНУВА СО ЕДНА БУКВА".

Среќни сме што со песна и поклон пред нивното величенствено дело оддадовме достојна почит кон ликот и делото на овие светли имиња од нашата историја и литература.






## *Училишни натпревари*

| Предмет | Постигнување и учество на ученици |
|---|---|
| **Математика** | -Учество на ученици на IQ Mind Masters-<br>натпревар во училиштето „Јахја Ќемал“ :<br>- Ѕвездан Антанасов 6а одд,<br>- Илина Стојковска 6б одд,<br>- Ана Стојановиќ 6б одд,<br>- Марија Костовска 6б одд,<br>- Ангела Димитријов 6б одд,<br>- Ивана Васовска 6б одд,<br>- Илина Младеновска 6в одд,<br>- Илина Арсов 6в одд и<br>- Ангела Манчевска 6в одд. (сите ученици |

| | |
|---|---|
| | имаат сертификати за учество на натпреварот)<br>-Учество на Општински натпревар по<br>Математика:<br>- Матеа Стојчевска 6б одд – 3 место<br>- Ангела Димитријов 6б одд – учество<br>- Илина Стојковска 6б одд – учество<br>- Илина Младеновска 6в одд – учество<br>- Ангела Манчевска 6в одд – пофалница<br>- Учество на Регионален натпревар по математика:<br>- Матеа Стојчевска 6б одд – пофалница<br>- Ангела Манчевска 6в одд – учество |
| **Биологија** | Регионален натпревар по биологија одржан на 27 Март 2026 година<br>Седмо одделение<br>1. Никита Димитријов 7 одд. – I Награда<br>2. Дамјан Зивосовски 7 одд. – I Награда<br>3. Јана Мирчевска 7 одд.- I Награда<br>4. Ема Мирчевска 7 одд.- I Награда<br>5. Стефан Трпковски 7 одд.- I Награда |

| | |
|---|---|
| | 6. Хана Дељанин 7 одд. – II Награда<br>7. Симона Глигорова – III Награда<br>8. Миахил Манасиевски- Пофалница<br>осмо одделение<br>1. Матеј Савовски- I Награда<br>2. Марија Димитријевиќ- I Награда<br>3. Иринеј Стојчевски- I Награда<br>4. Катерина Тошеска- I Награда<br>5. Андреј Станчески- I Награда<br>6. Јана Стојковска- I Награда<br>7. Илина Путовиќ – II Награда<br>деветто одделение<br>1. Јована Јакимовска- I Награда<br>2. Мелани Петрова- I Награда<br>3. Стефанија Вељовиќ- I Награда<br>4. Ангела Јованчова II Награда<br>5. Матеа Чолкова II Награда<br><br>Државен натпревар по биологија одржан на Природно – математички факултет на ден 30 Мај 2026 год.<br>1. Никита Димитријов III Награда<br>2. Мелани Петрова 9 одд- Пофалница<br>3. Ангела Јованчова 9 одд -Пофалница<br>4. Матеј Савовски 8 одд. -Пофалница<br>5. Јана Мирчевска 7 одд. -учество<br>6. Хана дељанин 7 одд.- учество<br>7. Ема Мирчевска 7 одд. -учество<br>8. Дамјан Зивосовски 7 одд. -учество |

| | |
|---|---|
| | 9. Иринеј Стојчевски 8 одд. -учество<br>10. Илина Путовиќ 8 одд. -учество<br>11. Катерина Тошеска 8 одд.- учество<br><br>12. Андреј Станчески 8 одд.- учество<br><br>Државен натпревар на Природно-математички<br>факултет “Ноември месец на науката” одржан на 22 Ноември 2025 година<br>Биологија<br>1. Никита Димитријов 7 одд. II Награда<br>2. Матеј Савовски 8 одд. II Награда<br>3. Ева Илиевска 9 одд.- III Награда<br>4. Сабина Шаќировиќ 9 одд. –III Награда<br>5. Мелани Петрова 9 одд. –III Награда<br>6. Јована Јакимовска 9 одд. –III Награда |
| **Физичко и здравствено образование** | На 5.2.2026 година. Освоено второ место на Општински натпревар во футсал во машка конкуренција.<br>На 5.2.2026 година. Освоено второ место на<br>Општински натпревар во футсал во женска конкуренција.<br>На 12.2.2026 година. Освоено прво место на Зонски натпревар во ракомет во женска конкуренција. |

| | |
|---|---|
| | На 5 3. 2026 година Освоено прво место на Реонски натпревар во ракомет во женска конкуренција.<br>На 5 3. 2026 година Освоено прво место на Реонски натпревар во футсал во женска конкуренција.<br>На 5 3. 2026 година Освоено прво место на Реонски натпревар во одбојка во машка конкуренција.<br>На 30.3 2026 година Освоено второ место на Регионален натпревар во одбојка машки.<br>На 30.3 2026 година Освоено трето место на Регионален натпревар во ракомет женски.<br>На 30.3 2026 година Освоено четврто место на Регионален натпревар во футсал женски.<br>На 23.4.2026 година, освоено второ место на Регионален натпревар во фудбал машки.<br>На 27.4.2026 година, ученици од 4 и 5 одделение освоија второ место во футсал на Општински натпревар во рамки на проектот ,,Плазма<br>– Спортски игри за млади“.<br>На 27.4.2026 година, освоено второ место на Општински натпревар по |

| | |
|---|---|
| | кошарка во рамки на проектот ,,Плазма – Спортски игри за млади“.<br>На 28.4.2026 година, освоено прво место во футсал (женски - генерација 2011 и помали) во рамки на проектот ,,Плазма – Спортски игри за млади“.<br>На 28.4.2026 година, освоено прво место во футсал ( машки - генерација 2011 и помали) во рамки на проектот ,,Плазма – Спортски игри за млади“.<br>2.6.2026 година, на Зонски натпревар освоено прво место во играта ,,НАРОДНА” во генерација 2015 и помали, во рамки на проектот ,,Плазма – Спортски игри за млади“.<br>- 2.6.2026 година, на Зонски натпревар освоено второ место во играта ,,НАРОДНА” во генерација 2017 и помали, во рамки на проектот ,,Плазма – Спортски игри за млади“.<br>- 2.6.2026 година, на Зонски натпревар по атлетика трка на 60м. ученичката Ивона Најдоска од Vб одд. го освои првото место.<br>-На 10.6.2026 година,на Регионален натпревар во ракомет женски, освоено трето место во рамки на проектот ,,Плазма – Спортски игри за млади“. |

| | |
|---|---|
| | -На 10.6.2026 година, на Регионален натпревар во Народна –( генерација 2015 и помали) освоено второ место. |
| **Природни науки** | 1. Максим Пешевски 5 одд.- II Награда<br>2. Теон Стефков 5 одд. II Награда<br>3. Јаков Илиевски 5 одд.- III Награда<br>4. Дамјан Динковски 5 одд. – III Награда<br>5. Ивона Најдоска 5 одд. – III Награда<br>6. Општински натпревар по природни науки во петто<br>одд. Одржан на 27.3. 2026 год.<br>Невена Петрушева III награда<br>Борјан Антанасов III награда<br>Мартина Јанческа III награда<br>Софија Пешевска III награда<br>Теон Стефков III награда |

| | |
|---|---|
| | Марко Петров -Пофалница<br><br>Антонио Бадаровски - Пофалница<br><br>Регионален натпревар по природни науки одржан на<br><br>3.4.2026 год.<br><br>Невена Петрушева- Пофалница<br><br>Борјан Антанасов- Учество<br><br>Мартина Јанческа- Учество<br><br>Софија Пешевска- Пофалница<br><br>Теон Стефков- Учество<br><br>Марко Петров- Пофалница<br><br>Антонио Бадаровска- Пофалница<br><br>Марко Петров 5 одд. – III Награда |
| **Физика** | • - учество на Регионален натпревар по физика:<br>• Матеј Савовски – трета награда<br>• Иринеј Стојчевски – пофалница |

| | |
|---|---|
| | • учество на Регионален натпревар по физика:<br>• Матеј Савовски – учество<br>• Иринеј Стојчевски – учество |
| **Македонски јазик** | - Регионален натпревар по македонски јазик и литература (25.4.2026 год.)<br>Ангела Јованчова 9 одд.- II награда<br>Илина Младеновска 6 одд.- учество<br>Калин Ристовски 6 одд.- учество<br>-Државен натпревар по македонски јазик и литература (7.6.2026 год.)<br>Ангела Јованчова -II награда<br>Ментор:Цветанка Гаговска |

Оваа учебна година натпреварите се одржуваа помеѓу одделенијата во нашето училиште, како и натпревари надвор од училиштето.

**Грижата на училиштето за здравјето на учениците опфати:**

- Редовни лекарски прегледи на учениците;
- Вакцинации и ревакцинации;
- Создавање на поволни хигиенски услови за работа, организирање на исхрана за учениците.

**Позначајни предавања во рамки на одделенскиот час:**

- Стоп на болестите на зависност (пушење, наркоманија и алкохолизам);
- Презентацвија за болеста ХИВ/СИДА по повод Светскиот ден на ХИВ/Сида;
- Општа и лична хигиена;
- Вошливост;
- Заразна болести и мерки за нејзино спречување;
- Важноста на правилното држење на телото при пишување;
- Корисни мерки за заштита од загадениот воздух;
- Значење на здравата храна во рамиките на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“;
- Културно-хигиенски навики при исхрана;
- Да ги сочуваме здравите заби;
- Разговор за однесување со хендикепираните лица по повод Меѓународниот ден на хендикепираните лица;

Во соработа со детскиот диспанзер од Поликлиника Чаир, беа реализирани систематски прегледи и стоматолошки прегледи.

## *Посета на знаменитости и установи*

| | |
|---|---|
| Посета на балетската претстава „Петар Пан“ | 22.9.2025 |
| Посета на Сеизмолошката опсерваторија во Скопје | 3.10.2025 |
| Посета на симфониајата за деца „ПЕТРЕ И ВОЛКОТ“ | 7.11.2025 |
| Посета на инклузивната танцова претстава „Сонот на едно дете“ | 1.12.2025 |
| Учество на карневал „Љубански Карневал Прочка“ | 22.2.2026 |
| Посета на ,,Музеј на македонската борба за самостојност" | 26.3.2026 |

| | |
|---|---|
| Дводневна научно-рекреативна екскурзија низ дел од источна Македонија | 22.5.2026 |
| Наставно - научна екскурзија - Вруток – Лешок – Гостивар. | 5.6.2026 |

## *Извештај од реализирани еднодневни екскурзии за учениците од прво до деветто одделение*

**Еднодневен есенски излет**

**Место:** Скопје - Манастирот „Свети Илија“-село Мирковци - Скопска Црна Гора.

Манастирот „Свети Илија“ се наоѓа во западниот дел на село Мирковци, општина Бутел - Скопје. Манастирот е сместен западно од селото, на благи падини на Скопска Црна Гора.

**Одделение:** I - V одделение и VI – IX одделение

На ден 30.10 2025 година, се изведе еднодневниот есенски излет.

Учениците имаа можност да уживаат во природата, да се рекреираат и да го запознаат културно историско наследство.

- Учениците се запозна со природните убавини и знаменитости во Манастирот „Свети Илија“;
- Се запозна со различните средини и нивните специфичности природно – географски обележја;
- Се запознаа со културните вредности, традиција и обичаи;
- Уживаа во околината и природните убавини;
- Се запознаа со верското и историско значење на манастирот „Свети Илија“.

**Одговорен наставник:**

Вера Атанасовска

**Еднодневен пролетен излет**

**Место:** Скопје - Манастирот „Свети Јован Крстител"-село Љубанци - Скопска Црна Гора.

Манастирот „Свети Јован Крстител" се наоѓа во западниот дел на село Љубанци, општина Бутел - Скопје. Манастирот е сместен западно од селото, на благи падини на Скопска Црна Гора.

**Одделение:** I - V одделение и VI – IX одделение

На ден 07.05 2026 година, се изведе еднодневниот пролетен излет.

Учениците имаа можност да уживаат во природата, да се рекреираат и да го запознаат културно историско наследство.

- Учениците се запозна со природните убавини и знаменитости во Манастирот „Свети Јован Крстител";
- Се запозна со различните средини и нивните специфичности природно – географски обележја;
- Се запознаа со културните вредности, традиција и обичаи;
- Уживаа во околината и природните убавини;
- Се запознаа со верското и историско значење на манастирот „Свети Јован Крстител".

Одговорен наставник:

**Маја Дрндаревска**

## *Извештај од реализирана еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение*

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за еднодневна научна екскурзија за III одделение, на ден 5.6.2026 година беше реализирана еднодневна научна екскурзија на релација Вруток – Лешок – Гостивар.

Поаѓањето беше во 08:00 часот, а враќањето во 17:00 часот. Екскурзијата беше реализирана според предвидениот план и програма, во безбедни услови и без никакви проблеми.

Во текот на посетата учениците имаа можност непосредно да се запознаат со природните убавини на Вруток, изворот на реката Вардар, културно-историските и верските знаменитости во Лешок, како и со карактеристиките на градот Гостивар. Преку набљудување, разговор и практично искуство, учениците ги проширија своите знаења од природните и општествените науки и ја развиваа свеста за значењето на природното и културното наследство.

Учениците покажаа голем интерес и љубопитност, активно учествуваа во сите планирани активности и ги почитуваа упатствата од наставниците. Однесувањето беше примерно, а атмосферата пријатна и позитивна во текот на целиот ден.

Планираните воспитно-образовни цели и задачи беа успешно реализирани. Учениците стекнаа нови знаења, развиваа социјални вештини, меѓусебна соработка и чувство на припадност кон заедницата.

Врз основа на наведеното, може да се констатира дека еднодневната научна екскурзија беше успешно реализирана, а учениците се вратија задоволни, со позитивни впечатоци и нови искуства.






**Одделенски наставник:**

Александра Ничевска Бадаревска

## *Годишен извештај од дводневна екскурзија*

Дводневната екскурзија се реализираше на 18 и 19 Мај 2026 г.со учениците од шесто одделение.

**Воспитно - образовни цели:**

- запознавање со природните убавини на татковината  и развивање љубов;
- развивање на еколошка свест за заштита на животната средина;
- поттикнување на способноста за опишување на она што е во нивна непосредна околина;
- проширување на знаењата за хронолошко и ретроспективно раскажување;
- проширување на знаењата и пишување на извештај по одделна посета;
- учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со објекти од стопанството на Република Северна Македонија и процес на производство;
- учениците да развиваат позитивен однос кон националните, културните, индустриските и естетските вредности кои нè опкружуваат;
- учениците да имаат чувство за одговорност и дисциплина;
- учениците да го развиваат другарството и меѓусебната социјализација во средината во која живееме;
- да имаат позитивен пристап во комуникациите и подобри меѓусебни односи.

**Задачи:**

- развивање интерес за природата и негување еколошки навики за одржување чиста животна средина;
- да ги истражат и да се запознаат со природните убавини и појави на околината;
- потикнување  и манифестирање позитивни емоции кон природните убавини;

- да се изгради чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- да развијат позитивен однос кон културните и естетските вредности на нашата татковина;
- да развијат чувство за дружење и толеранција;
- да се организираат спортски активности и други друштвени активности за рекреација на учениците;
- да создаваат навики за здраво живеење.

Поаѓањето беше од училишната зграда во 08:00 часот. Прво се посети опсерваторијата Кокино.

Се продолжи кон Кратово со посета на Големо градиште во с.Коњух, црквата, мостовите и кулите во градот.

Посета на црквата „Св. Троица“ - Радовиш

Пристигнувањето беше во Дојран во попладневните часови и сместување во хотел „Дан Дар“.За учениците се организираше вечера, забава и ноќевање.

Вториот ден по појадокот во хотелот се прошетавме покрај брегот на Дојранското Езеро и ја разгледувавме непосредната околина.Потоа се продолжи кон Струмица, разгледување и прошетка во градот.Ги разгледавме верските објекти во околината на Струмица (Богородица Елеуса во Велјуса и Св.Леонтиј во селото Водоча ).Потоа заминавме кон Пробиштип со посета на Лесновскиот манастир. Тука учениците ручаа. Враќањето во Скопје беше во попладневните часови.

**Одговорен наставник:**

Јасминка Стојанова - Вељковска

## *Годишен извештај од тридневната екскурзија*

Тридневната наставно-научна екскурзија не се реализираше.

## *Извештај од реализирана екскурзија за учениците од петто одделение – Настава во природа*

**Место:** Детско одморалиште ,,Радости” - Охрид

**Време:** 19.5 - 22.5.2026 година

**Број на ученици:** V$^{а}$ - 13 ; V$^{б}$ -17;  V$^{в}$ -12;

**Цел:**

- Да ги совлада и прошири знаењата за природните особености на нашата татковина, за настаните, појавите и врските (за животот и работата на луѓето покрај езерата, туризам, стопанство, култура и обичаи);
- Да примени стекнати знаења, вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, најважните стопански и нестопански дејности;
- Да ги познава најзначајните остатоци од материјалното, културно наследство на градот Охрид;
- Да се воспитува за чување и негување на традицијата и културното наследство;
- Да развива интерес, самодоверба (да се поставува прашања кој, што, каде, како, зошто, кое и да одговара на прашања);
- Да се поттикнуваат позитивни чувства како успешност, самосвесност, љубопитност, позитивен однос кон стекнатите знаења, соработка со другарчињата и наставниците;
- Да се поттикне социјализација на учениците, чувство на одговорност према себеси и другите, постојано дружење, заедничко организирање на спортски и рекреативни активности;

- Да се оспособува за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во нови ситуации;
- Да развива и негува еколошка свест и љубов кон природата;
- Да развива чувство на припадност, патриотизам, почит и гордост кон својата татковина;
- Да истражува, одговара на прашања за собирање, селекција и организирање на разни податоци и да извлекува заклучоци од сопствените податоци и од податоците на другите и да идентификува дополнителни прашања.

Наставата во природа се реализираше според Годишната програма на училиштето.

Од агенцијата ВИСТА ТУРС  ДООЕЛ, беше обезбеден водич и лекар.

Прв ден:

Се тргна во 08:30 часот, од пред училиште.
Следеше разгледување на градот Тетово со посета на Шарена џамија, посета на изворот на реката Вардар-Вруток,попатно панорамско разгледување на Мавровското Езеро,Кањонот на реката Радика.
Посета на манастирот ,,Свети Јован Бигорски” ,
Дебар и Дебарската клисура,Дебарското Езеро и ХЕ „Глобочица“
посета на манастирот ,,Св.Георгиј Победоносец” во село Рајчица, Вевчани и Вевчанските извори.
Во попладневните часови учениците пристигнаа и вечераа во одморалиштето „Радости“.

Веднаш по сместувањето се прошетаа во непосредната околина, беа реализирани наставните активности според планирањето, следеше организирана забава.

Втор ден:

Уредување на собите и лична хигиена утринска гимнастика, појадок,посета на градот Струга.

- Изворот и течението на реката Црн Дрим
- Мостот на Стушките вечери на поезијата
- Прошетка низ чаршијата, занаетчии, фолклор, носии, обичаи, традиции, говор и песни
- Посета на Спомен дом ,,Браќа Миладиновци“
- Посета на Манастир Св. Богородица- с. Калишта, Струга
- Разговор со рибар
- Ручек
- Одмор и рекреација
- Спортски активности
- Наставни активности
- Писмен извештај од посетата на градот Струга
- Илустрирање на  посетени објекти
- Средување на собраните податоци
- Вечера и  организирана вечерна забава - избор на мис- мистер

Подготовка за спиење

Трет ден:

1. Уредување на собите и лична хигиена
2. Утринска гимнастика
3. Појадок
4. Посета градот Охрид
5. Посета на Билјанини извори и Хидробиолошкиот завод (интервју со вработените)
6. Прошетка низ чаршијата, стари градби, занаетчии, фолклор, носии, обичаи, традиции,говор и песни
7. Посета на спомен куќата на Робевци
8. Антички театар
9. Црквата Св.Јован Богослов- Канео

Плаошник

10. Самоиловата тврдина
11. Црква Св.Софија
12. Пристаниште- интервју со капетан на брод

    Набљудување, собирање податоци, забележување, фотографирање

13. Ручек
14. Одмор и рекреација
15. Наставни (ликовни) активности - изработка на мозаик од природни материјали
16. Истражувачки активности - езерото,реката и околината од еколошки аспект (загаденост, бистрина на водите)
17. Пишување на извештај од посетеното
18. Рекреативна прошетка покрај брегот на езерото
19. Вечера
20. Организирана вечерна забава - пижама парти

Подготовка за спиење

Четврти ден:

- Уредување на собите и лична хигиена
- Подготовки за враќање дома
- Појадок
- Напуштање на одморалиштето
- Попатно разгледување на Пелагониската котлина, панорамско разгледување на градот Ресен
- Битола, посета на стар град Хераклеја
- Попатно разгледување на Таорската клисура и Велешката котлина, реките Вардар и Пчиња и панорамско разгледување на Велес.

Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

**Одговорни наставници:**

Маја Дрндаревска

Мирослав Митиќ

Маја Димковска

## ***Ученички парламент***

Во текот на учебната 2025/2026 година, Ученичкиот парламент ги реализира активностите според Годишниот план и програма. Состаноците на УП се одржаа во консултации со одговорните наставници Сузана Младенова и Санда Миева.

Во текот на учебната година се одржаа 10 состанока на кои членовите на УП дискутираа за актуелните настани во училиштето и нивно ангажирање во истите, за реалните потреби на учениците за секоја паралелка посебно и за сите ученици во училиштето. Членовите на УП активно учествуваа во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците и организираа активности за врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби.

Во рамките на одржаните состаноци, членовите на УП даваа предлози за воннаставни активности, за подобрување на ученичкиот стандард.

Активностите на УП беа забалежителни и на полето на хуманоста, организирајќи хуманитарни, еколошки активности како и учество во општествено корисна работа преку различни активности.

Претседателот на УП достојно ги застапуваше интересите на учениците и ова полугодие и се залагаше за исполнување на сите дадени предлози.

**Одговорни наставници:**

Сузана Младенова

Санда Миева

## *Поддршка на ученици*

### Успехот на учениците на крајот од учебната 2025/26 година

Во текот на учебната 2025/26 година се следеа, анализираа и споредуваа постигнувањата на учениците во сите класификациони периоди.

Во врска со овој приоритет во училиштето се преземаа соодветни стручни активности и тоа:

Обработка на стручни теми, практични часови како и реализација на повеќе едукативни работилници и семинари кои беа во врска со оценувањето на знаењата на учениците и унапредување во наставата.

Средниот успех на ниво на училиште (IVдо IXодд.) изнесува 4.55, а учениците од I до III одделение се описно оценети.

**Споредба со предходните две учебни години**

| Учебна година | 2023/2024год. | 2024/2025год. | 2025/2026 год. |
|---|---|---|---|
| **Успех** | **4,56** | **4,64** | **4,55** |

## *Следење на воспитно-образовната работа*

### 1. Следење на реализацијата на Наставните планови и програми

На почетокот на учебната година извршен е увид во годишните и тематските планирања на наставниците

Следена е реализацијата на Наставните планови и програми преку посета

на наставни часови;

Вршена е анализа и изготвувани се извештаи по посетените часови, како и евалуација на дневните подготовки на наставниците согласно изготвените инструменти.

Во текот на целата учебна година се вршеше проверка и следење на работата на наставниците преку електронскиот дневник.

**2. Примена на современи наставни методи и форми на работа**

Посетени се отворени и нагледни наставни часови и водени се стручни разговори и консултации со наставниците за наставните содржини од посетените часови, односно за користените методи, форми и стратегии и техники на учење и поучување. Посебно внимание се обрна на користењето Е-содржини во наставата, на методите на формативно оценување, рефлексијата на крајот на часот, користените инструменти за оценување на постигањата на учениците, како и на планирањето и задавањето домашни задачи за учениците.

**3. Увид во работата на стручните активи**

Извршен е увид во програмите на стручните активи, посетени се состаноци, отворени и нагледни часови и разгледани изготвени стручни предавања.По завршување на истите се дискутираше, се даваа предлози и забелешки, како и насоки за унапредување на воспитно-образовниот процес.

**4. Увид во педагошката документација и евиденција**

Редовно се прегледувани Дневниците на паралелките и Главните книги. По извршените увиди од страна на комисијата и директорот, констатираната состојба се евидентира во однапред изготвени формулари. Преку водењето на

Педагошкиот картон од страна на стручните соработници е следена и другата педагошка евиденција и документација (годишни, тематски и дневни планирања, планирање и реализација на дополнителна, додатна настава, часовите на одделенската заедница, родителските средби, планирање и изготвување на тестови...)

## ***Програма за работа на стручните активи во училиштето***

Училиштето како воспитно–образовна институција покрај следењето и вреднувањето на работата во училиштето, перманентно води грижа за унапредување на наставата низ работата на стучните органи, меѓу кои важно место и улога имаат стручните активи.

Во училиштето активно функционираат три стручни активи:
- Стручен актив во одделенска настава;
- Стручен актив на природна група предмети;
- Стручен актив на хуманистичката/општествено-јазична група на предмети.

Одговорните наставници на стручните активи изготвија програми за работа во месец јуни, кои главно ги содржат следните активности: постојано подобрување и унапредување на воспитно-образовната дејност на училиштето, која се реализира преку иницирање и непосредно внесување на нови промени, организирано следење на успехот, редовно следење на дисциплината на учениците, разгледување на стручните теми преку кои се следат промените и иновациите во образовната работа користејќи притоа најразлична стучна и педагошко-психолошка литература; примена на најразновидни форми, методи и техники со кои ќе се предизвика интересот на учениците и иновира наставниот процес, како и организирање на отворени практични часови, со цел за пренесување на искуствата, знаењата и креативноста на наставниците.

## *Извештај за работата на стручниот актив на одделенската настава во учебната 2025/26 год.*

Овој извештај ја претставува Програмата за работа на Стручниот актив на одделенски наставници при ООУ „Свети Климент Охридски“ – Бутел, Скопје за учебната 2025/2026 година. Стручниот актив е клучно тело чии задачи произлегуваат од Законот за основно образование и Статутот на училиштето, со примарна цел унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес.

Главната цел на Стручниот актив е унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес, што вклучува:

- Стручно усовршување на наставниот кадар;
- Размена на искуства;
- Напредок на учениците;
- Зајакнување на соработката со родителите.

Приоритети за постигнување на овие цели се:

- Унапредување и осовременување на наставата преку едукација на наставниот кадар, примена на современи техники на учење, методи, форми, ИКТ и други иновации, како и преку посета и организирање интерни обуки и предавања.
- Вклучување во проектни активности.
- Зајакнување на соработката со родителите.

За реализација на овие цели и приоритети, Стручниот актив одржуваше редовни состаноци, ги следеше тековните промени во образованието и учествуваше во организирањето и реализацијата на активности во училиштето и локалната средина.

Во учебната 2025/2026 година, Стручниот актив соработуваше со:

- Стручните активи на предметна настава;
- Секторот за образование, култура, спорт и млади на Општина Бутел;

- Предучилишни установи и основни училишта од Општина Бутел;
- Општинската организација на Црвениот Крст - Бутел и град Скопје;
- Други институции.

**Членови на Стручниот актив**

Стручниот актив на одделенска настава го сочинуваат:

- Прво одделение: Теодора Савовска, Маја Димковска, Вера Атанасовска
- Второ одделение: Весна Пенева, Радмила Радевска Искова, Ивана Јакимовска, Анета Стајковска Трајковска
- Трето одделение: Александра Ничевска Бадаревска, Даниела Салтирова Кочијева, Весна Ивановска
- Четврто одделение: Даниела Пижевска, Елеонора Милошевска, Анета Утковска
- Петто одделение: Сузана Младенова, Мирослав Митиќ, Маја Дрндаревска
- Дневен престој: Ивана Доневска Боневска. Симона Тодоровска
- Стручна служба: Поликсена Илиоска (педагог), Анета Сековска - Ѓорѓиоска (психолог), Ивана Крстиќ (дефектолог)
- Директор: д-р Снежана Петреска

Одговорен наставник на Стручниот актив беше Анета Стајковска Трајковска.

Во текот на првото полугодие во учебната 2025/2026 година се одржаа повеќе нагледни часови по предметите:

| **Планирана активност** | **Цели** | **Реализатор** | **Време** | **Ресурси** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|
| Разгледување и усвојување на програмата за | Унапредување на воспитно-образовната работа | Одговорен наставни | VIII | Предлог Годишна програма за | Примена на инова |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| работа на Стручниот актив | Реализација на Годишната програма за работа на Стручниот актив<br><br>Усогласување на критериуми за оценување на учениците | к на Стручен актив;<br><br>Наставници/ членови на Стручниот актив. | | работа на Стручен актив на одделенска настава<br><br>Практични искуства и согледување | ции и современа настава; Стручно усовршување на наставниот кадар |
| Нагледен час: Математика Месна вредност на цифрите (единици,десетки,стотки,илјади,едноцифрен,двоцифрен,трицифрен,четирицифрен број,месна вредност) | Употреба на современи техники на учење и ИКТ | Анета Утковска | IX | Стручна литература,<br><br>Учебник,<br><br>компјутер | Успешна интерактив на настава и практична примена на ИКТ содржина |
| Нагледен час: Македонски јазик Слушање со разбирање Идентификува нелогичности во слушнат текст | Примена на современи техники на работа | Весна Ивановска | IX | Стручна литература, компјутер,работен лист | Успешна интерактив на настава и современи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | техники |
| Нагледен час: Природни науки Сетила и дразби | Употреба на современи техники на учење и ИКТ | Маја Димковска | X | Стручна литература, прирачници, дополнителна литература,компјутер | Успешна интерактивна настава и практична примена на ИКТ содржина |
| Нагледен час:Историја и општество<br><br>Припадност на различни групи општествена /социјалана група,идентитет, национална/државна припадност,етничка припадност, граѓани<br><br>Ја објаснува улогата на граѓаните која произлегува од припадноста на државата преку наведување како се покажува почит кон сопствената држава | Примена на современи методи и техники при реализација на воспитно – образовниот процес | Маја Дрндаровска | X | Стручна литература, табла,компјутер | Примена на знаења преку осовременување на наставата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Нагледен час:Македонски јазик<br><br>Читање со разбирање<br><br>Резимира прочитан текст со различни јазично-стилски особености (новинарски текст,соопштение,изјава,објава,текст од научно-популарно списание) | Примена на современи методи и техники при реализација на воспитно – образовниот процес | Сузана Младенова | XI | Стручна литературакомпјутер,учебник | Успешна интерактивна настава и современи техники |
| Нагледен час: Македонски јазик: антоними,синоними и хомоними<br><br>Идентификува и дава примери за зборови со две или повеќе различни значења<br><br>(Хомоними) | Примена на современи техники на работа | Мирослав Митиќ | XII | Стручна литература, дополнителна литература,компјутер,табла | Примена на знаења преку осовременување на наставата |
| Нагледен час: Македонски јазик: Анализа на | Примена на современи техники на работа | Даниела Салтирова Кочијева | XII | Компјутер,учебник | Примена на знаења |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место)<br>*Ги одредува ликовите во прочитан литературен текст<br>*Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки. | | | | | преку осовре менув ање на настав ата |
| Нагледен час: Математика<br>Нагледен час: Линија на симетрија и симетрија во околината<br>Линија на симетрија со превиткување на 2Д форми на половина и четвртина | Примена на современи техники на работа | Даниела Пижевск а | I | Компјуте р,учебни к | Приме на на знаењ а преку осовре менув ање на настав ата |
| Нагледен час: | Примена на современи техники на работа | Алексан дра Ничевска | I | Лесни марами во боја | Приме на на знаењ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичко и здравствено образование<br>Основи на гимнастиката со ритмика и танци<br>Изведува основни чекориод современ танц | | Бадаровска | | или ленти за визуелно следење на движењта | а преку осовременување на наставата |
| Нагледен час: Македонски јазик:<br>Почетно читање и пишување<br>Буквите Рр и Уу | Примена на современи техники на работа | Љубива Нацева | II | Компјутер,учебник | Примена на знаења преку осовременување на наставата |
| Нагледен час: Македонски јазик<br>Литература и творење<br>Читање и интерпретација на литертурни текстови<br>Одговара на прашања и поставува прашања за содржината на прочитан литературен текст | Примена на современи техники на работа | Елеонора Милошевска | II | Компјутер,учебник | Примена на знаења преку осовременување на наставата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Нагледен час: Музичко образование Музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно – брзо – умерено, високи/ниски тонови, гласно – тивко) Идентификува мелодија и ритам во слушаните композиции. | Примена на современи техники на работа | Весна Пенева | III | Компјутер | Примена на знаења преку осовременување на наставата |
| Нагледен час: Македонски јазик Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место) Го препознава почетокот средишниот дел и крајот на приказната. | Примена на современи техники на работа | Анета С.Трајковска | III | Компјутер,учебник | Примена на знаења преку осовременување на наставата |
| Нагледен час: Македонски јазик Усно прераскажување, раскажување и опишување (расказни | Примена на современи техники на работа | Радмила Радевска Искова | IV | Компјутер,учебник | Примена на знаења преку осовременување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| реченици, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици, директен говор, индиректен говор) ● Раскажува приказна за настани/случки (слушнати или од сопствено искуство), претставувајќи ги хронолошки и со правилна употреба на глаголските времиња. | | | | | настав ата |
| Нагледен час: Природни науки Нагледен час: Дава примери за светлински извори и ја објаснува појавата на сенка. | Примена на современи техники на работа | Ивана Јакимовс ка | V | Компјуте р,учебни к | Приме на на знаењ а преку осовре менув ање на настав ата |
| Нагледен час: Македонски јазик Литературен текст творба (народна приказна | Примена на современи техники на работа | Вера Атанасов ска | V | Компјуте р,учебни к | Приме на на знаењ а преку осовре |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ,басна,бајка,драмски текти стихотворба) Прераскажува содржина на слушнат кус литертурен текст со помош на прашања и со свои зборови | | | | | менување на наставата |

На  часовите  се покажа и докажа важноста од примената на современите техники за работа , како успешен пример за стекнување и усвојување на нови знаења.

Образложените активности предвидени со програмата беа успешно реализирани од секој одделенски наставник од оваа група  според однапред предвидениот  план.

**Претседател на стручниот актив:**

Анета Стајковска Трајковска

***Извештај за работата на стручниот актив на природната група предмети во учебната 2025/26 год.***

Во текот на учебната 2025/26 година беа одржани неколку состаноци на стручниот актив на природно математичката група предмети на кои се дискутираше за проследените нагледни часови и се разменија мислења во врска со темите обработени од страна на предметните наставници.

Имено, наставниците од природно математичката група предмети дискутираа за начините, методите и техниките за подобрување на квалитетот на наставата и реализацијата на содржините за време на часовите.

**Претседател на Стручниот актив**

Владимир Костовски

## ***Извештај за работата на стручниот актив на општествено јазична група предмети во учебната 2025/26 год.***

Во учебната 2025/2026 година стручниот актив на општествено-јазичната група на предмети успешно и во целост ја реализира својата програма, застапена во сите предмети од оваа група со цел: унапредување и успешна реализација на воспитно образовниот процес.

По разгледувањето и усвојувањето на Годишната програма за работа се поведе дискусија на која наставниците ги пренесоа своите впечатоци и новини од посетените и одржани семинари. Беше договорено активот секогаш да одржува состаноци, после секој реализиран и посетен семинар со цел наставниците да ги разменат своите искуства.

Во текот на првото полугодие во учебната 2025/2026 година се одржаа повеќе нагледни часови по предметите: Француски јазик и Англиски јазик на кои се поведе дискусија за успешно реализирање на наставните планови и програми. Потоа, беа планирани и реализирани отворени часови по предметите: Историја и Македонски јазик на кои се интегрираше ИКТ во наставата и се применија современите техники и наставни помагала во наставата.

На практичните часови по Музичко образование и Ликовно образование се покажа и докажа важноста од примената на современите техники за работа , како успешен пример за стекнување и усвојување на нови знаења и нивна практична примена.

Од наставничките- членови на активот беше потенцирана важноста на начинот на оценување за учење на учениците во текот на целата учебна година, како и сумирањето на знаењата на крајот од истата.

Се одржа и Предавање на тема: *Меѓуврсничко насилство* од предметниот наставник по Граѓанско образование Марија Димовска

Наставникот по македонски јазик Виолета Јосмова ја потенцираше важноста од редовно одржување на додатната и дополнителна работа со цел да се оди понапред во усвојувањето на новите знаења и подобрување на квалитетот на наставата.

Образложените активности предвидени со програмата беа успешно реализирани од секој предметен наставник од оваа група предмети според однапред предвидениот план.

**Претседател на стручниот актив**
Маја Ристовска

## ***Извештај од работата на Училишен одбор***

Училишниот одбор при ООУ„Свети Климент Охридски" - Скопје, Бутел работи според Деловникот за работа и Програмата за работа на Училишниот одбор. Во учебната 2025/2026 год. УО беше во состав од 7 члена. Сите седници се редовно одржани, со мнозинство на членовите од УО, а со нив раководи претседателот на УО. Состаноците се од отворен карактер и по потреба присуствуваат покрај членовите на УО и директорот, секретарот, стручната служба, членови на комисии, одговорни на тимови, претставници на ученичка заедница и слично.

Во овој период беа донесени одлуки за формирање на: пописна комисија, утврдување на цени за издавање на простории, како и разгледување на Годишната програма за работа на училиштето. Одлуките кои се донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и редовно се објавуваат на огласната табла.

**Претседател на училишен одбор**:
Милорад Васовски

## *Годишен извештај за работата на Детска организација во учебната 2025/26 година*

Детската организација го помагаше детското здружување и работеше на осовременување на Програмската основа на истата, се раководеше од потребите и интересите на децата. За нив ја градиме оваа држава, за нив се обидуваме да направиме поубаво место на живеење на оваа парче земја наречено Македонија. Децата се нашето најголемо богатство тие се нашата иднина.

Детската организација континуирано претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку неа учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараа и заземаат ставови за сите прашања што се во врска со нивните животни и работни услови во училиштето.

Задачите на Детската организација кои ги се реализираа се:

- Кај учениците се поттикнуваше и развиваше смислата за иницијатива, согледување, поставување и решавање на заедничките проблеми;

- Придонесуваше во организирањето и спроведувањето на културниот , забавниот и спортскиот живот во училиштето;

- Се развива свеста за потребите за соработка со наставниците, одделенските раководители и стручните работници при решавање на проблемите поврзани со наставата;

- Се придонесе за развивање и негување на другарски однос меѓу учениците и склоност за колективен живот.

Остварување на своите права и должности учениците ги спроведуваа преку ученичките заедници. Таа ги опфаќа сите ученици од I-IX одделение. Ученичките заедници во нашето училиште се организираа во рамките на паралелките како

ученичка заедница на паралелката и во рамките на училиштето како ученичка заедница на училиштето. Во едната и во другата ученичка заедница избираат свој претседател, благајник и хигиеничар.

Своите содржини од програмата ученичките заедници на ниво на паралелка ги работеа на одделенскиот час, преку програмските активности од Животни вештини.

Работата на училишната заедница и заедницата на паралелките ја помагаат, насочуваат, координираат и следат наставниците.

Во продолжение реализиран Акциски план во 2025/2026 година:

**Детска организација**

| Ред. бр. | Вид на активност | Време на реализација | Пред кого ќе се реализира | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Донесување на Годишна програма за работата на Детската организација | I недела септември | Ученици од 2-5 одделение | Соодветен избор на раководство на Детската организација во училиштето и запознавање со Годишната програма на Детската организација |
| 2 | Одбележување на 8 Септември – Денот на независноста на Република Северна Македонија | II недела септември | Ученици од 2-5 одделение | Учениците преку активности ќе го одбележат 8 Септември – Денот на независноста на Република Северна Македонија и ќе го развијат патриотското |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | чувство за својата татковина |
| 3 | Спроведување на одбележување на Детска недела | I недела октомври | Ученици од 1-5 одделение | Со ритмичко-балетски точки и рецитал, учениците ќе се подготват за одбележување на Детската недела-доброволен прилог во касичките |
| 4 | Одбележување на Светскиот ден на учителите 5 Октомври | I недела октомври | Ученици од 2-5 одделение | Успешни подготовки за одбележување на Денот на учителите |
| 5 | Одбележување на 11 Октомври -Ден на востанието на македонскиот народ | II недела октомври | Ученици од 2-5 одделение | Со активности и лични творби од страна на учениците ќе се одбележи Денот на антифашистичкото востание -11 Октомври |
| 6 | Свечен прием на учениците од првите одделенија во детската организација | III недела октомври | Ученици од 1 одделение | Првачињата ќе станат членови на Детската организација на Македонија |
